**20130621362**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 214 ставови (2) и (10) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација.

Член 2

(1) Поканата од член 1 од овој правилник која се издава од страна на инспектор од Министерството за труд и социјална политика, се печати на хартија со бела боја, на А4 формат, во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грб и име на Република Македонија и назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- архивски број и датум на издавање;
- назив на поканата;
- податоци за лицето кое се повикува на едукацијата (име и презиме, место на раѓање, адреса на живеење, работно место кај правното лице);
- податоци за правното лице (назив и седиште, матичен број и даночен број);
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;
- кратко назначување на предметот на поканата и одредбата според која е направена неправилноста;
- име и презиме на инспекторот кој ќе ја врши едукацијата;
- место и датум на издавање на поканата;
- забелешка и
- место за печат и потпис на инспекторот.

(2) Образецот на поканата од став 1 на овој член е даден во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

(3) Поканата од член 1 од овој правилник која се издава од страна на овластениот државен службеник односно овластеното лице од единицата на локалната самоуправа, се печати на хартија со бела боја, на А4 формат, во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грбот на единицата на локалната самоуправа и име на единицата на локалната самоуправа;
- архивски број и датум на издавање;
- назив на поканата;
- податоци за лицето кое се повикува на едукацијата (име и презиме, место на раѓање, адреса на живеење, работно место кај правното лице);
- податоци за правното лице (назив и седиште, матичен број и даночен број);
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;

- кратко назначување на предметот на поканата и одредбата според која е направена неправилноста;
- име и презиме на овластениот државен службеник односно овластеното лице кој ќе ја врши едукацијата;
- место и датум на издавање на поканата;
- забелешка и
- место за печат и потпис.

(4) Образецот на поканата од став 3 на овој член е даден во Прилог бр.2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Едукацијата се врши во просториите на Министерството за труд и социјална политика односно единицата на локалната самоуправа.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, едукацијата може да се врши и во деловните простории на субјектот над кој се спроведува едукација во кои при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилноста.

Член 4

(1) Едукацијата се врши во времето што ќе го определи инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице.

(2) Едукацијата се врши два пати месечно, а по потреба и повеќе пати.

(3) Едукацијата ја спроведува инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице.

Член 5

(1) За спроведената едукација се составува записник, кој содржи:
- назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- датум и место на спроведување на едукацијата;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукацијата;
- податоци за правното лице (назив и седиште, матичен број и даночен број);
- име и презиме на одговорното лице во правното лице;
- име и презиме на инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице кое ја извршило едукацијата;
- предмет на едукацијата;
- цел на едукацијата;
- потпис на лицето кое ја извршило едукацијата.

(2) Записникот од став 1 на овој член го потпишуваат лицето повикано на едукација, одговорното лице во правното лице и инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице кое ја извршило едукацијата.

(3) Примерок од записникот се врачува на лицето повикано на едукација и одговорното лице во правното лице.

Член 6

(1) За спроведената едукација се води евиденција, рачно и во електронска форма.

(2) Евиденцијата од став 1 на овој член содржи:
- реден број;
- број и датум на поканата за едукација;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- податоци за правното лице (назив и седиште, матичен број и даночен број);
- кратко означување на предметот на едукација;

- име и презиме на инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице кое ја извршило едукацијата;
- датум кога е извршена едукацијата и
- забелешка.

(3) Образецот за водење на евиденцијата за спроведената едукација е даден во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-2756/1
19 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Бр. ___________ од ___________ година

П О К А Н А
за спроведување на едукација

| | |
|---|---|
| 1. Податоци за лицето кое се повикува на едукацијата: | Име и презиме ________________________________<br>Место на раѓање ________________________________<br>Адреса на живеење ______________________________<br>Работно место кај правното лице<br>______________________________________________ |
| 2. Податоци за правното лице: | Назив__________________________________________<br>______________________________________________<br>Седиште _______________________________________<br>Матичен број ___________________________________<br>Даночен број ___________________________________ |
| 3. Време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата: | Инспекторот за надзор ќе спроведе едукација во ______ часот, на ден _______ година, во просториите на ____________________, кои се наоѓаат на ул. __________________________ |
| 4. Предметот на поканата и одредба според која е направена неправилноста: | Предмет на поканата е __________________________<br>______________________________________________<br>______________________________________________<br>Согласно член ______ од Законот за заштита на децата. |
| 5. Име и презиме на инспекторот кој ќе ја врши едукацијата: | __________________________ |
| 6. Место и датум на издавање на поканата: | __________________________ |
| 7. Забелешка: | Согласно со член 214 став 5 од Законот за заштита на децата, доколку во закажаниот термин вработениот или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена. |

Потпис на инспекторот

М.П. __________________________

Прилог бр. 2

(грб на единицата на локална самоуправа)
Република Македонија
(име на единицата на локална самоуправа)
Бр. ___________ од ___________ година

## П О К А Н А
### за спроведување на едукација

| | |
|---|---|
| 1. Податоци за лицето кое се повикува на едукацијата: | Име и презиме ______________________________<br>Место на раѓање ______________________________<br>Адреса на живеење ____________________________<br>Работно место кај правното лице<br>____________________________________________ |
| 2. Податоци за правното лице: | Назив________________________________________<br>____________________________________________<br>Седиште _____________________________________<br>Матичен број _________________________________<br>Даночен број _________________________________ |
| 3. Време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата: | Овластениот државен службеник односно овластеното лице ќе спроведе едукација во ______ часот, на ден _______ година, во просториите на __________________, кои се наоѓаат на ул. ___________________________ |
| 4. Предметот на поканата и одредба според која е направена неправилноста: | Предмет на поканата е ___________________________<br>____________________________________________<br>____________________________________________<br>Согласно член ______ од Законот за заштита на децата. |
| 5. Име и презиме на овластениот државен службеник односно овластеното лице кој ќе ја врши едукацијата: | ___________________________ |
| 6. Место и датум на издавање на поканата: | ___________________________ |
| 7. Забелешка: | Согласно со член 214 став 5 од Законот за заштита на децата, доколку во закажаниот термин вработениот или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена. |

М.П. ______________________

Прилог бр.3

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

| Реден бр. | Број и датум на поканата за едукација | Име и презиме на лицето кое се повикува на едукација | Податоци за правното лице | Кратко означување на предметот на едукација | Име и презиме на инспекторот овластениот државен службеник односно овластеното лице кој ја извршил едукацијата | Датум кога е извршена едукацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Потпис на инспекторот/овластениот државен службеник односно овластеното лице